Врз основа на член 12 од Законот за државната статистика (“Службен весник на Република Македонија”  бр.54/97, 21/07, 51/11, 104/13 и 42/14) , Советот на својата Дваесета седница одржана на 27.06.2014 година го разгледа Извештајот за работата на Државниот завод за статистика во 2013 година и го даде следното

## М И С Л Е Њ Е

"Советот за статистика на Република Македонија го прифаќа и го поддржува Извештајот за работата на Државниот завод за статистика во 2013 година.

Истовремено, Советот за статистика смета дека Државниот завод за статистика ги реализира зацртаните задачи согласно програмата за работа. Воведен е систем за електронско прибирање на податоци. За да не се заостанува во развојот Државниот завод за статистика треба да добива постојана поддршка за потребните човечки и финансиски ресурси за да може да ги реализира планираните активности во Програмата за работа, во Стратегискиот план и во останатите стратегиски документи."

Претседател на Советот за статистика
на Република Македонија
проф. д-р Благоја Маркоски, ср

## МИСИЈА И ВИЗИЈА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Мисијата на Државниот завод за статистика е да произведува и дисеминира официјални статистички податоци за македонската економија и општество, како основа за процесот на одлучување базирани на релевантни информации.

Објавените статистички информации мора да бидат точни, навремени, непристрасни, достапни и едноставни за користење.

Визијата на Државниот завод за статистика е да биде препознаен како институција која обезбедува квалитетни, навремени и меѓународно споредливи статистички податоци.

## Предговор

Извештајот за работата на Државниот завод за статистика има за цел да ги прикаже постигнатите резултати во 2013 година, предизвиците пред кои се најде институцијата и начините на кои се справуваше со нив. Исто така, целта на овој Извештај е и да ги информира соработниците во земјата и во странство, корисниците на статистички податоци, аналитичарите, истражувачите, извештајните единици и другите заинтересирани страни за остварениот прогрес и новините што се воведени во работата на институцијата.

И во 2013 година Државниот завод за статистика продолжи со својата посветеност за усогласување на сопствените методи на работење со принципите утврдени во Кодот на добра пракса на Евростат, користејќи единствени стандарди во сите статистички истражувања што ги спроведува како носител на статистичкиот систем во државата.

Меѓу многуте нешта важни за македонската статистика:

2013 година е важна за Државниот завод за статистика затоа што е донесена новата Петгодишна програма за статистички истражувања, 2013-2017, со која македонската статистика уште повеќе се приближи кон европските и светските стандарди во продуцирањето на меѓународно споредливи статистички податоци;

2013 година е важна за Државниот завод за статистика затоа што беа воведени голем број новини во работењето – од продуцирањето на нови статистички податоци во областите на пазарот на труд, образованието, националните сметки, бизнис-статистиките, до воведувањето на нови процеси во однос на доставувањето на податоци до Евростат и имплементирањето на новиот бизнис процес модел во работењето на институцијата.

И покрај сите предизвици и преземени ризици во остварувањето на поставените цели, за Државниот завод за статистика 2013 е година на нови успеси и постигнати резултати кои се високо оценети и вреднувани од страна на домашната и меѓународната стручна заедница.

Се надевам дека овој Извештај за работата на Државниот завод за статистика, со својата концепција и содржина ќе даде јасна претстава за важноста и неопходноста на продуктите од работењето на Државниот завод за статистика и за неговата успешност во реализацијата на поставените цели за континуиран развој на статистичкиот систем на Република Македонија.



д-р Благица Новковска,
директор

# Содржина

ПРЕДГОВОР 3
КРАТЕНКИ 6

СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА 7

УЛОГАТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА 8

1. СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА 9
   1.1. Административни капацитети 9
   1.2. Поддршка на статистичките аутпути, техничка инфраструктура 14
   1.3. Дисеминација 16

2. КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ 19
   2.1. Класификации 19
   2.2. Статистички регистри 19

3. СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ 20
   3.1. Социјални статистики 20
   3.2. Национални сметки 21
   3.3. Деловни статистики, земјоделски статистики и статистики на животната средина 22
   3.4. Сектор за регионални одделенија 23

4. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СТРАНСКА ПОМОШ 23
   4.1. Европска интеграција 23
   4.2. Меѓународни проекти во кои е вклучен ДЗС 23
   4.3. Комуникациска стратегија на ДЗС 25
   4.4. Комуникација и соработка со други институции 25
   4.5. Проблеми со кои се соочуваше ДЗС 26

АНЕКС 1:
ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СТАТИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА
(СПОРЕДБА 2013 СО 2012 ГОДИНА) 27
   Сектор за социјални статистики 27
   Сектор за национални сметки 27
   Сектор за деловни, земјоделски статистики и статистики на животната средина 28

# Кратенки:

| | |
|---|---|
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ЕУ | Европска унија |
| ИПА | (Instrument for Pre-Accession Assistance) Инструмент за претпристапна помош |
| Евростат | Статистички завод на Европските заедници |
| ММФ | Меѓународен монетарен фонд |
| ESS | (European Statistical System) Европски статистички систем |
| ЕСМС | Европски стандард за размена на референтни метаподатоци |
| CAF | (Common Assessment Framework) Заедничка рамка за самооценување |
| ИТ | Информатичка технологија |
| MS ISA | Microsoft Security and Acceleration Server |
| eDamis | Electronic Data files Administration and Management Information System |
| ЕССПРОС | Европски систем на интегрирана статистика за социјална заштита |
| eWA | eDAMIS Web Application |
| eWP | eDAMIS Web Portal |
| F | eDAMIS Web Forms - |
| НКД Рев.2 | Национална класификација на дејностите, Рев. 2 |
| SDMX | Statistical Data and Metadata Exchange (eXchange) |
| БДП | Бруто-домашен производ |
| ФИСИМ | Финансиски услуги мерени индиректно |
| SILC | (Survey on Income and Living Conditions) Анкетата за приходи и услови за живеење |
| РОС | Регионални одделенија за статистика |
| НИП | Номенклатура на индустриски производи |
| КПД | Класификација на производи по дејности |
| ИСО | Меѓународна организација за стандарди |
| НБРМ | Народна банка на Република Македонија |
| НПАА | Национална програма за усвојување на правото на Европската унија |
| НРМЕ | Национален едитор за референтни мета податоци на Евростат |
| SMIS+ | Statistical Management Information System |
| СБПМ | Статистички бизнис процес модел |
| ФАДН | (Farm Accountancy Data Network) Истражување за сметководствени податоци на земјоделските стопанства |
| ДИК | Државна изборна комисија |
| АРС | Анкета за работната сила |
| АПД | Анкета за потрошувачката на домаќинствата |
| SDDS | (Special Data Dissemination Standard) Специјален систем за дисеминација на податоци |
| CATI | (Computer assisted telephone interviewing) Компјутерски асистирано интервјуирање со телефон |
| CAPI | (Computer assisted personal interviewing) Компјутерски асистирано персонално интервју |

## Стратегиски цели на Државниот завод за статистика

**Државниот завод за статистика во 2013 година го донесе Стратегискиот план за периодот 2014-2016 година, посветувајќи внимание на исполнувањето на пет приоритети**:

**1. Хармонизација на статистиките според стандардите на ЕУ**

Во рамките на овој приоритет, најзначајни цели се: понатамошно хармонизирање на статистичките истражувања со европските методологии, зголемување на обемот на интегрирани статистички податоци релевантни за мерење на прогресот на економијата и на социјалните феномени, имплементирање на методологиите ESA 2010 и SNA 2008 во статистичкиот систем, имплементација на принципите на Кодексот за работа на европската статистика вклучувајќи ги и препораките од Поедноставеното партнерско оценување од страна на Евростат, доставување на податоците до Евростат со користење на алатките и форматите пропишани од Евростат и воспоставување на централизирано складиште на метаподатоци, објавување на референтни метаподатоци според стандардизирана структура, заедно со дисеминираните податоци.

**2. Јакнење на координацијата на националниот статистички систем**

Во рамките на овој приоритет, најзначајни цели се: понатамошно јакнење на улогата на Државниот завод за статистика како координатор на Националниот статистички систем, давање на мислење за методолошките основи за прибирање на податоците во статистичките истражувања за кои се надлежни останатите овластени носители во согласност со Програмата за статистички истражувања 2013-2017, координирање на примената на единствените статистички класификации и номенклатури за потребите на статистичката продукција, поддршка во зајакнувањето на капацитетот на овластените носители во националниот статистички систем со обуки во одредени области од заеднички интерес, потпишување на меморандуми, протоколи за соработка, учество во заеднички проекти и поефикасна поделба на надлежностите со останатите овластени носители во националниот статистички систем, соработка со останатите одговорни институции во реализација на обврските поврзани со Специјалниот систем за дисеминација на податоци на Меѓународниот монетарен фонд (SDDS - Special Data Dissemination Standards), како и во реализацијата на други обврски кон меѓународни институции.

**3. Јакнење на соработката со давателите на податоци и носителите на збирки на податоци**

Во рамките на овој приоритет, најзначајни цели се: вклучување на Државниот завод за статистика во креирањето, измените и дополнувањето на збирките на податоци, намалување на оптовареноста на известувачките единици и потпишување на договори за соработка и размена на податоци со носителите на збирки на податоци.

**4. Јакнење на соработката и комуникацијата со корисниците, континуирано мерење на потребите и задоволството на корисниците и јакнење на довербата во статистиката**

Во рамките на овој приоритет, најзначајни цели се: едноставен пристап на корисниците до статистичките податоци, зголемување на фондот на објавените податоци и обезбедување на податоци со подолги временски серии, намалување на временскиот период од прибирањето до објавувањето на статистичките податоци.

**5. Јакнење на институционалниот капацитет на Државниот завод за статистика**

Во рамките на овој приоритет, најзначајни цели се: одржливост и подобрување на капацитетите на човечките и на техничките ресурси, јакнење на капацитетите за управување со работните процеси, јакнење на капацитетите за преговори со Европската унија и рационално користење на расположливите финансиски средства.

За остварување на планираните приоритети и цели на Стратегискиот план, беа дефинирани неколку програми:
Секторски статистики, Надградба на статистичката инфраструктура, Јакнење на соработката со корисниците, Зајакнување на координацијата на националниот статистички систем.
Реализацијата на сите програми бара ангажман на соодветни човечки и финансиски ресурси, а динамиката на нивната реализација е дефинирана во Планот за спроведување на програмите, што е составен дел на Стратегијата.



## Улогата на Државниот завод за статистика

Државниот завод за статистика е стручна, самостојна и управна организација чија надлежност и делокруг на работа се уредени со Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и Законот за државната статистика ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/97, 21/07, 51/11, 104/13 и 42/14).

Во согласност со Законот за државната статистика, Државниот завод за статистика, врз научни основи, на државните органи, локалната самоуправа, деловните субјекти, јавните претпријатија, јавните служби, јавноста и на други корисници им обезбедува информации за состојбите и движењата на националната економија, човечките ресурси, демографијата, заштитата на животната средина и во други области. Државниот завод за статистика е одговорен за продуцирање на официјалната статистика во Република Македонија, и е координатор на статистичкиот систем во Република Македонија.

**Следејќи ја својата улога, ДЗС:**

- преку редовни средби со корисниците ги утврдува нивните потреби и според тоа ги ажурира своите истражувања,
- ги распоредува приоритетите во временска рамка со тоа што постојано вложува напори да дава навремена повратна статистичка информација на корисниците,
- го организира кадровскиот капацитет со цел да одговори на новите предизвици и на потребите на корисниците.

Државниот завод за статистика посветува особено внимание на доверливоста на статистичките податоци. Податоците што се прибираат од извештајните единици претставуваат доверливи податоци, се користат исклучиво за статистички цели, а се публикуваат како збирни (агрегирани) податоци.

Државниот завод за статистика, како координатор на статистичкиот систем, преку соработка со учесниците во системот обезбедува:

- прибирање на податоци со различни пристапи за добивање на споредлива статистичка информација со користење на унифицирана статистичка инфраструктура - класификации, номенклатури и индикатори;
- елиминирање на дуплицитетот при прибирањето на податоците, а со тоа и намалување на оптовареноста на давателите на податоци;
- зголемување на довербата во ДЗС преку примена на стандарди и унифицирани пристапи во дисеминацијата на статистичките податоци.

Државниот завод за статистика ги развива своите активности почитувајќи ги главните принципи од Кодексот за работа на европската статистика (стручна независност, неутралност, објективност, сигурност, статистичка доверливост и рационалност).

Државниот завод за статистика ги развива, произведува и дисеминира статистиките со почитување на следните критериуми за квалитет: релевантност, точност, навременост, придржување кон предвидените рокови, пристапност и јасност, кохерентност и споредливост (на национално и на меѓународно ниво).

Државниот завод за статистика е носител на меѓународната статистичка соработка. Во таа насока, значајни се напорите на ДЗС за хармонизација на статистичкиот систем на државата со статистичките системи на државите од Европската унија, а во функција на задоволување на домашните и на странските корисници со споредливи статистички податоци.

## 1. СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

За постигнување на резултати со висок квалитет на државната статистика, од голема важност е постоењето на соодветна инфраструктура

### 1.1. Административни капацитети

Обезбедувањето на кохерентна статистичка имплементација на стандардите на ЕУ во различни сектори и постоењето на солидна статистичка инфраструктура е од големо значење.

Во оваа смисла, Државниот завод за статистика ги дефинираше своите вредности и цели во Стратегискиот план 2014-2016 кој беше усвоен од страна на Стручниот колегиум на ДЗС и поддржан од Советот за статистика. Ова е основен документ во кој се интегрирани главните активности што треба да се спроведат во претстојниот период за да се обезбеди хармонизација на националните статистики со законодавството на ЕУ.

На 22 јули 2013 година, Собранието на Република Македонија го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистика ("Службен весник на РМ“ бр.104/13). Целта на измените е натамошно усогласување на принципите на кои се заснова државната статистика во Република Македонија со принципите на ЕУ во делот за статистиката. Поконкретно, измените се однесуваат на зајакнување на координативната улога на Државниот завод за статистика (ДЗС) во статистичкиот систем на Република Македонија, создавање предуслови за зголемување на опфатот и квалитетот на статистичките податоци кои се добиваат од извештајните единици, условите за користење на статистички податоци од страна на научната заедница итн.

Државниот завод за статистика, како координатор, Народната банка и Министерството за финансии ја продолжија успешната соработка и континуирано во текот на 2013 година продолжија да обезбедуваат податоци за ажурирање на националната страница во рамките на Специјалниот систем за дисеминација на податоци на Меѓународниот монетарен фонд (SDDS - Special Data Dissemination Standards). Преку овој стандард Република Македонија ги применува основните начела за објавување на економските и финансиските статистички податоци со што се овозможува и пристап до меѓународниот пазар на капитал.

Државниот завод за статистика ја координираше подготовката на Програмата за статистички истражувања, 2013 – 2017 год., чијашто цел е уредување на системот на продуцирање и дисеминирање на статистички информации за состојбата и движењето на појавите од областа на економијата, социјалниот живот, заштитата на животната средина и другите области, што ќе придонесе во процесот на донесување на квалитетни одлуки од сферата на економските, општествените и другите дејности на Владата, министерствата и другите државни институции, но и на менаџерите од јавниот и приватниот сектор. Владата на Република Македонија ја донесе Програмата и таа беше објавена во "Службен весник

на Република Македонија“ бр.20/2013 год. Со Програмата ќе им се пружи поддршка и на научните истражувања како носечки сегмент на развојот, ќе се обезбедат споредливи податоци со другите земји во регионот, но и со членките на Европската унија, ќе се обезбедат податоци неопходни за планирање на регионалниот развој на Република Македонија, итн.

*1.1.1. Човечки ресурси*

Во согласност со утврдените законски надлежности и Уредбата за внатрешната организација на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.93/00 и 14/02) и со Правилникот за внатрешна организација на Државниот завод за статистика, ДЗС своите надлежности ги извршува во седум сектори и 36 одделенија.

Бројот на вработените во Државниот завод за статистика, со состојба 31 декември 2013, изнесуваше 292 лица. Во централниот Завод се вработени 199 лица, а 93 лица во регионалните одделенија за статистика. Во текот на 2013 година, во ДЗС се вработени вкупно 2 лица по пат на спогодбено преземање во согласност со член 17-ж од Законот за државни службеници ("Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 112/2000, 34/2001, 03/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/200, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 6/2007, 161/2008, 06/2009, 114/2009, 35/2010, 167/2010, 36/2011, 6/2012, 24/2012,15/2013, 82/2013 и 106/2013 година). Во текот на 2013 година, по различни основи, 6 лица го напуштија ДЗС, од кои 1 лице се пензионира, 1 лице го напушти Заводот по пат на спогодбено преземање, 3 лица на нивно барање и 1 лице по друг основ (сила на закон).

**Табела 1. Вработени во ДЗС според припадноста кон етничката заедница**

| | Вкупен број на вработени | % од вкупен број вработени |
|---|---|---|
| Македонци | 215 | 73.6 |
| Албанци | 51 | 17.5 |
| Турци | 3 | 1 |
| Роми | 1 | 0.3 |
| Власи | 5 | 1.7 |
| Срби | 13 | 4.5 |
| Бошњаци | 3 | 1 |
| Останати | 1 | 0.3 |
| Вкупно | 292 | 100 |

Графикон 1.
Број на вработени во ДЗС, по локација и по пол




Графикон 2.
Вработени во ДЗС, по локација и по образование



*1.1.2.Организациска шема на ДЗС*



*1.1.3. Стручно усовршување на вработените*

Државниот завод за статистика посветува големо внимание на развојот на човечките ресурси преку континуирана обука за развој на способностите и вештините на вработените. Ова е во блиска врска со воспоставувањето на култура на квалитет, интегритет и професионалност. Во таа насока, ДЗС ја препозна потребата за постојана обука на вработените со цел да се одговори на зголемените барања за статистички податоци во согласност со меѓународните стандарди.

Во 2013 година се реализирани 10 учества на 8 меѓународни конференции, а на 39 состаноци на Евростат присуствувале 40 претставници на ДЗС. Исто така, ДЗС имаше 520 учества на 103 обуки (надворешни обуки) организирани од надворешни експерти, а одржани во ДЗС. Шест лица од ДЗС учествуваа на повеќемесечни стажирања, од кои три во Евростат, две лица во Централниот статистички завод на Унгарија и едно лице во Федералниот завод за статистика на Германија.

На 17 и 18 октомври 2013 година, ДЗС беше домаќин на состанокот на Групата за политики во областа на статистичката соработка на кој се дискутираше за заедничките политики меѓу учесниците кои доаѓаат од земјите-кандидати и потенцијалните земји-кандидати за членство во Европската унија.

Исто така, директорот на Државниот завод за статистика, д-р Благица Новковска, беше претседавач на ИЛО семинар за родови статистики.

ДЗС се претстави со 1 труд на Светската конференција од областа на земјоделските статистики и 4 презентации на меѓународни настани, по покана од организаторите, со кои беа презентирани достигнувањата на Заводот во одделните области.

Во согласност со планот за обука, ДЗС и во 2013 година продолжи со практиката на организирање на предавања реализирани од страна на своите вработени. Се одржаа вкупно 31 внатрешни обуки на кои присуствуваа вкупно 639 лица, или по 21 лице во просек на секоја обука. Од нив 24 беа општи, а 7 специјализирани обуки.

Обуките се однесуваа на: Канцелариско и архивско работење, Национална класификација на занимања, Анкета за слободни работни места, Економски сметки и индекси на цени во земјоделството - агромонетарни статистики,

Графикон 3.
Учество на лица од ДЗС според видот на настанот




Примерочна координација на истражувањата за деловни субјекти, примерочна координација на истражувањата за деловни субјекти, Инвестиции во основни средства, Промет во индустријата, Искуство на ДЗС за користење на директни ИПА грантови од ЕВРОСТАТ - улогата и задачите на ИТ-секторот, Искуства од Словенечкиот завод за статистика во развивањето и водењето на Статистичкиот регистар на населението со предлог-активности, Стоковна размена со странство и користење на бази со податоци од COMTEX, Метадата систем - преглед на два концепта и можноста за нивно користење од страна на земјите-членки на ЕУ, Управување и раководење темелено на компетенции, Искуство од стажирање во Луксембург, Унапредување на деловните статистики преку воведување на СБПМ, Нови алатки на ЕВРОСТАТ за самооценување, Развој на енергетските статистики, Животна средина/управување со отпад, Хидрометеорологија, Добиток и добиточно производство, Статистика на растителното производство, M-Access, Cati-телефонско прибирање на податоци, PX EDIT, Регистрација на статистички варијабили, ЕСС, 2010, нови стандарди, методи и дефиниции, Стекнато знаење и искуство во текот на стажирањето во ДЕСТАТИС, Закон за државната статистика и Законски основи на заштита на индивидуални податоци.

*1.1.4. Стручен колегиум на Државниот завод за статистика*

Стручниот колегиум на ДЗС е стручно и советодавно тело на директорот на Државниот завод за статистика. Членови на Колегиумот се директорот на ДЗС, заменикот на директорот на ДЗС и раководителите на секторите. Во рамките на остварувањето на своите функции од Деловникот за работа, Колегиумот донесува работни заклучоци, мислења, препораки и сл.

Во текот на 2013 година Колегиумот одржа вкупно 22 седници на кои беа разгледани и усвоени повеќе материјали и документи и беше дадено мислење за:

- Предлог-програмата за статистички истражувања - петгодишна, годишните предлози за нејзини измени и дополнувања;
- Законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистика;
- Стратегискиот план на Заводот 2014-2016;
- Годишната програма за работа на Заводот за 2014;
- Годишниот извештај за работата на Заводот за 2012;
- Извештајот за финансиското работење за 2012;
- Комуникациската стратегија на ДЗС 2013-2014, со Акциски план;
- Стратегијата за метаподатоци 2013-2015;
- Националната номенклатура на индустриски производи 2012;
- Номенклатурата на територијалните единици за статистика - НТЕС;
- Предлог-пресметката на потребните средства за 2014 год.,
- Извештаите за реализирани активности од Стратегискиот план на ДЗС,
- Политиката за квалитет на ДЗС;
- Грантови и меѓународни проекти и програми;
- Правилници, упатства и други пишани процедури: Упатство за подготовка на статистички публикации, Упатство за ажурирање на Регистарот на корисници, Правилник за работа на Библиотеката на ДЗС, Упатство за управување со барања на корисници за податоци и информации, Упатство за подготовка и ажурирање на табели во базата на податоци на веб и др.;
- Инструментите за статистички истражувања што треба да ги донесе Владата на Република Македонија (класификации, номенклатури, уредби и др.);
- Остварувањето на меѓународната статистичка соработка на Заводот и
- Други прашања и други материјали од интерес за работењето на Заводот

*1.1.5. Буџет на Државниот завод за статистика*

Вкупниот буџет на ДЗС во 2013 година изнесуваше 155.500.000 денари. Буџетот во 2013 година, наменет за спроведување на редовните активности на ДЗС, во однос на претходната година, беше намален за 3,3%.

Во вкупниот буџет на ДЗС учеството на средствата за Програмата 10-Администрација беше од 1,17%, најголемо учество имаше Програмата 20-Статистички истражувања со 96,69%, а Програмата МА-Интеграција во ЕУ беше застапена со 2,14%.

Во одобрените средства за Програмата 20-Статистички истражувања, најголемо учество имаа средствта за плати и придонеси на вработените во ДЗС од 80,07%, за комунални услуги од 9,90%, додека средствата за спроведување на статистичките истражувања имаат учество од 4,49%, а средствата за капитални расходи од 4,72%. Во останатиот дел на средствата од оваа програма од 0,82%, учество имаат: патните и дневните расходи од 0,07%, материјали и ситен инвентар од 0,40%, поправки и тековно одржување од 0,13% и други тековни расходи од 0,22%.

*1.1.6. Внатрешна ревизија*

Внатрешната ревизија во ДЗС се спроведува како независна активност на објективно уверување и советување, со цел да се утврди дали се применуваат соодветните политики и процедури, дали се применува регулативата и утврдените стандарди, дали средствата се користат ефикасно и економично и дали ефективно се остваруваат планираните цели.

Внатрешната ревизија му обезбедува на директорот на ДЗС дополнително уверување дека спроведувањето на механизмите за управување и контрола е соодветно, економично и конзистентно со општоприфатените стандарди и националното законодавство. Ревизијата му обезбедува на директорот анализи, препораки, совети и информации за прегледаните активности, со цел да придонесе во подобрувањето на работењето на ДЗС.

Внатрешните ревизори во текот на 2013 година извршија 6 ревизии за кои изготвија ревизорски извештаи, врз основа на Стратегискиот и Годишниот план за внатрешна ревизија и плановите за поединечните ревизии, во согласност со меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија.

Во 2013 година е изготвен и Годишниот извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за 2012 година.

#### *1.1.7. Совет за статистика на Република Македонија*

Советот за статистика на Република Македонија, како стручно советодавно тело за државната статистика, е формиран со Одлука на Собранието на Република Македонија бр. 07-2155/1 од 30 април 2012 година. Положбата и надлежностите на Советот за статистика се утврдени во членовите 10, 11 и 12 од Законот за државната статистика.

Во текот на 2013 година Советот одржа вкупно 10 седници. Во согласност со неговата надлежност, утврдена во Законот за државната статистика, Советот разгледа повеќе материјали од областа на државната статистика и тоа: Извештајот за работата на Советот за статистика за периодот мај - декември 2012 год., Предлог-програмата за работа на Советот за 2013 год., донесување на финансиски план за работа на Советот за 2013 год., Предлог - програмата за работа на ДЗС за 2013, Комуникациска стратегија на ДЗС 2013-2014, Национална номенклатура на индустриски производи 2012, Извештај за работата на ДЗС во 2012, Информација за степенот на реализација на проектите кои се спроведуваат во ДЗС во рамки на ИПА, информација за реализација на обврските од НПАА од страна на ДЗС во првата половина на 2013, Информација за спроведеното истражување за Структурата на земјоделските стопанства, Предлог - усогласувањето на Системот на образование во РМ во однос на Меѓународната стандардна класификација на образованието МСКОБ (ИСЦЕД) 2011, разгледување на Стратегискиот план на ДЗС 2014-2016, Извештај на Европската комисија за напредокот на РМ, со посебен осврт на прогресот во доменот на статистиката, Предлог - одлука за утврдување на промените во Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС), информација за проектите кои се спроведуваат во ДЗС во рамките на ИПА, разгледување на Нацрт - програмата за работа на Советот за статистика за 2014 година.

### 1.2. Поддршка на статистичките аутпути, техничка инфраструктура

#### *1.2.1. Управување со квалитет*

Следењето на квалитетот во ДЗС се базира на стандардите за квалитет воспоставени во Европскиот статистички систем (ESS) и искажани во Декларацијата за квалитет на ESS и Кодексот за работа на европската статистика (во понатамошниот тек Кодексот). Всушност, сите активности и постигнати резултати во 2013 година се мерливи низ призмата на принципите и индикаторите на Кодексот. За 2013 година посебно би ги истакнале усогласувањата со следните принципи:

- Принцип 4: Посветеност на квалитетот
- Принцип 5: Статистичка доверливост
- Принцип 9: Умерено оптоварување на давателите на податоци
- Принцип 10: Ефикасност на трошоците
- Принцип 15: Достапност и јасност

Со цел да се подобрат одделните процеси и статистичките продукти и да се постигне подобро усогласување со европските стандарди за квалитет, ДЗС го примени европскиот прашалник Самооценување на менаџерите на статистичките истражувања (ДЕСАП), што претставува процесно ориентирана алатка со која едноставно се идентификуваат слабостите и силните страни во циклусот на статистичките истражувања и претставува основа за континуирано подобрување на квалитетот на процесите и производите. Адаптираниот ДЕСАП прашалник е усогласен со

статистичкиот бизнис процес модел на ДЗС. Пилот-примената на ДЕСАП беше направена за две статистички истражувања.

### *1.2.2. Метаподатоци*

Во 2013 година беше донесена Стратегијата за развој на метаподатоци со јасно разграничени приоритети за имплементација од аспект на статистичкиот бизнис процес модел. Според оваа Стратегија, во 2013 година се реализираше првиот приоритет - развој на метаподаточно управуван статистички производствен систем и истовремено транзиција од секвенцијален во процесно ориентиран производен пристап. Во конкретниов случај станува збор за имплементирање на делумно процесно ориентирана работна околина каде процесите прибирање и внес/едитирање, кои бараат најмногу време и ресурси и се вклучени во најголем дел на статистичките истражувања, се оптимизираат и интегрираат во различните истражувања. Изработката на софтверското решение беше поддржана од националната програма ИПА 2009 и во 2013 беше развиен ИТ систем за автоматско метадата базирано генерирање на веб-форми за прибирање на податоци преку интернет (еСтат). еСтат истовремено претставува и централизирано складиште на структурни метаподатоци.

еСтат ги поддржува критериумите и ги зајакнува столбовите на Политиката за квалитет:

- Подобрување на навременоста
- Подобрување на прецизноста на податоците
- Рационално користење на расположливите ресурси.

### *1.2.3. Намалување на товарот на известувачките единици*

ДЗС е посветен на стратешката цел за намалување на оптовареноста на известувачките единици преку испитување на можностите за користење на административните извори на податоци за статистички цели во повеќе области. За таа цел, во 2013 година беа потпишани повеќе меморандуми за соработка:

- Управа за јавни приходи (УЈП),
- Агенција за вработување на Република Македонија (АВРМ),
- Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (ФПИОМ),
- Фонд за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ),
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија,
- Стопанска комора на Македонија, и договори за размена на податоци со:
- Министерство за внатрешни работи,
- Народна банка на Република Македонија и
- Министерство за финансии на Република Македонија.

Значајно намалување на оптовареноста на известувачките единици-деловни субјекти се очекува да се постигне со примената на еСтат каде што известувачките единици ќе можат да ги доставуваат податоците преку веб-прашалници. Освен умереното оптоварување, ќе дојде и до значително намалување на трошоците за печатење на прашалници, но и поштенските трошоци, како на страната на ДЗС, така и на страната на давателите на податоци.

### *1.2.4. Систем за следење на трошоците*

Еден од приоритетите кој е вграден во Стратегијата на ДЗС, а и во НПАА, е определување на трошоците на индивидуалните статистики во целина, како и по фази. Како дел од системот за следење на квалитетот, во ДЗС функционира системот за евиденција на дневните активности на вработените. Системот е воспоставен во 2009 година, а во 2013 беше редизајниран во согласност со усвоениот статистички бизнис процес модел.

Земајќи го предвид фактот дека во 2013 година трошоците за плати на вработените изнесуваа 77,42% од буџетот на ДЗС, значи дека платите на вработените се најголемиот трошок во секое статистичко истражување. Затоа, од посебно значење е следењето на искористувањето на работното време. Воспоставениот систем овозможува увид за уделот на платите во секое статистичко истражување одделно.

Соодносот помеѓу директното време (она кое се поврзува со конкретно истражување) и индиректното време (она кое на некој начин е поддршка на спроведувањето на истражувањата) е 73.85% наспроти 26.15%.

Во поглед на единиците на трошок, според евиденцијата, исто како и претходните години, вкупно најмногу работни денови се потрошени за следниве истражувања:

- Месечно статистичко истражување за вработени и плати, 3803 човек/денови
- Анкета за работната сила, 2541 човек/денови

Распределбата на времето посветено на различни фази од статистичката продукција, според усвоениот бизнис процес модел, е како што следи:

Графикон 4.
Процент на регистрираното директно време по одделни фази од статистичкиот бизнис процес модел




*1.2.5. Сигурност на податоците и статистичка доверливост*

Сигурноста на податоците и статистичката доверливост во ДЗС се обезбедуваат со технички средства, имплементација на нови технологии, поддржана и со соодветно управување и процедури и правилници.

Државниот завод за статистика, во согласност со Законот за државната статистика и Принципите на официјалната статистика, има обврска да ги штити статистичките податоци од разоткривање, но истовремено треба да овозможи пристап до заштитени микроподатоци за потребите на научно-истражувачката заедница. Да се одговори на овие две спротивставени барања не е ни малку едноставна задача и затаоа континуирано работиме на усогласување со регулативите на Евростат, а истовремено ги следиме и добрите пракси од Европскиот статистички систем. Во текот на 2013 година се работеше на имплементација на методите за заштита од статистичко разоткривање со изработка на сопствени софтверски решенија, а сѐ со цел да се постигне оптимална рамнотежа помеѓу заштитата од разоткривање и аналитичкиот потенцијал на податоците.

Во поглед на барањето пристап до микроподатоци за научно-истражувачки цели, во 2013 година ДЗС разгледа седум барања за пристап до микро-податоци.

*1.2.6. Користење на колаборативната инфраструктура на Евростат - трансмисија на податоци преку „Единствена влезна точка“*

Преносот на податоци во Евростат со користење на eDamis алатките, преку Единствената влезна точка, се одвиваше тековно во рамките на воспоставената пракса и со почитување на роковите поставени од страна на Евростат.

Во врска со преносот на податоци од ДЗС и НБРМ, во периодот јануари - декември 2013 година се забележани вкупно 563 испраќања на податоци, а се испратени 412 сетови на податоци.

Заедно со сетовите на податоци се доставуваат и референтните метаподатоци со користење на Националниот едитор на референтни метаподатоци на Евростат, како алатка за нивна трансмисија.

Значајно е да се каже и тоа дека за потребите на доставување на податоци до Евростат, редовно се прави прекодирање на варијаблите во согласност со кодовите од соодветните регулативи на Евростат.

Во однос на мерењето на квалитетот на статистичките продукти, изработката на извештаи за квалитет по завршувањето на статистичките истражувања станува редовна практика во ДЗС за оние истражувања за кои во Евростат постојат наменски развиени темплејти и доставувањето на податоци во Евростат вообичаено е проследено со доставување на извештаи за квалитет

### *1.2.7. ИТ инфраструктура*

Во областа на подобрување на информатичката инфраструктура, во текот на 2013 година многу интензивно се работеше на подготвување на тендерската документација за набавка на централизиран систем за резервна копија и оправување од катастрофи, проект финансиран од Европската унија во рамките на ИПА 2009. Договорот за набавка беше потпишан во декември 2013 година. Новата информатичка инфраструктура ќе донесе многу подобрувања и од технички и од организациски аспект. Од технички аспект се намалуваат трошоците за одржување, подобро се управува со серверите и поефикасно се користат нивните ресурси, а се намалува и потрошувачката на енергија. Од организациски аспект се консолидираат датабазите, се подобрува безбедноста на податоците, се забрзува и автоматизира процесот на бекапирање и се овозможува оправување на податоците во случај на катастрофа.

## 1.3. Дисеминација

### *1.3.1. Дисеминација на податоци*

Главна цел на дисеминацијата е да се обезбедат дисеминациски продукти и услуги коишто ќе ги исполнат современите потреби на корисниците на официјалните статистички податоци.

Интернетот е главен канал за дисеминација на статистичките податоци и информации. Во текот на 2013 год. беа вложени големи напори од страна на вработените во ДЗС во подготвувањето на нови табели со податоци, како и во ажурирањето на постоечките табели со податоци со подолги временски серии во МАКСтат- базата на податоци.

### *1.3.2. Статистичките податоци достапни on-line - повеќе податоци и повеќе корисници*

Веб-страницата на Државниот завод за статистика е основен извор на информации за официјалната статистика. На веб-страницата корисниците имаат пристап до публикациите што ги издава институцијата, како и пристап до база на податоци во која се содржани податоци од повеќе тематски области и податоци по региони и по општини. Веб-страницата на ДЗС во текот на 2013 година беше посетена 1 633 119 пати. Од јануари до декември 2013 година, табелите во базата на податоци вкупно се посетени 56 677 пати што претставува зголемување од 47,44% во однос на 2012 год.

Веб-страницата на ДЗС, која е ставена во функција во 2011 година, е дизајнирана според потребите и барањата на корисниците и е во согласност со европските стандарди. Базата на податоци постојано се збогатува со нови табели со податоци и со нови временски серии. Бројот на податоци организирани во excel табели постојано се зголемува, така што на корисниците табелите од статистичките прегледи и од Статистичкиот годишник им беа достапни и во Excel формат. Редовно се објавуваат информации за статистичките продукти и активности на ДЗС на социјалниот медиум Twitter.

Заводот се вклучи во Меѓународната година на статистиката со поставување лого со линк до веб-страницата на Меѓународната година на статистиката 2013, како и вклучување на логото во изданијата на Заводот.

### *1.3.3. Публицистичка дејност на институцијата*

Резултатите од статистичките истражувања преку статистичките публикации се достапни до корисниците во земјата и во странство.

Статистиката за дисеминацијата покажува дека во 2013 година се остварени следните резултати:

- објавени се 329 изданија во едицијата "Соопштенија",
- објавени се 35 изданија во едицијата "Статистички прегледи",
- објавени се 5 други публикации,
- објавени се 12 броја на Месечниот статистички извештај (билтен), посебно на македонски, посебно на англиски јазик,
- објавени се 12 броја на Краткорочни показатели,
- добиени се 452 барања за податоци од корисниците во земјата и во странство.

Графикон 5
Посети на базата на податоци на веб-страницата на ДЗС, 2013




Графикон 6
Број на посети на веб-страницата на ДЗС, 2013




Во 2013 година беа објавени и публикациите:

**"Статистички годишник на Република Македонија"** - публикација во која се презентирани статистички податоци за демографската, социјалната и економ-ската состојба во Република Македонија, како и податоци за подолг временски период. Во посебно поглавје се презентирани споредбени податоци со другите земји во Европа и во светот.

**"Македонија во бројки"** - мал статистички годишник во кој преку табели и графикони се презентирани податоци за Република Македонија од сите области што се покриени со истражувањата што ги спроведува Државниот завод за статистика. И во ова издание е задржан концептот на претставување на податоци за Република Македонија споредени со земјите-членки на ЕУ и со земјите-кандидати за членство во ЕУ.

**"Одржлив развој"** - публикација со која ДЗС ги реализираше своите напори на едно место да ги пресмета и да ги обедини расположливите индикатори за одржливиот развој во Република Македонија. Станува збор за индикатори со повеќестран карактер кои ја одразуваат економ-ската, социјалната, еколошката и институционал-ната димензија на одржливиот развој.

**"Регионите во Република Македонија"** е четврто издание на Државниот завод за статистика коешто ги содржи најновите економски и социодемографски податоци за регионите во државата. Статистичките податоци за регионите претставуваат придонес во исполнувањето на обврските на Република Македонија во рамките на регионалната политика на Европската унија. Во оваа публикација, преку јасни и едноставни табели, мапи и графикони, статистичките региони се претставени во повеќе области, а кусите коментари придонесуваат за едноставно забележување на карактеристиките, сличностите и разликите меѓу регионите.

**"Жените и мажите во Република Македонија"** - седмо издание во 2013 година во кое се презентирани индикатори од родовите статистики кои овозмо-жуваат да се следи процесот на воспоставување на еднакви можности и еднаков третман на жените и на мажите во разни области од животот: образованието, вработувањето, правосудството, културата, социјал-ната заштита.

Графикон 7
Издадени публикации, 2013 година




Сите публикации се расположливи за корисни-ците и на веб-страницата на Државниот завод за статистика: www.stat.gov.mk.

### *1.3.4. Подготовка на податоци според потребите на корисниците - едноставно доставување на податоците до корисниците*

Во текот на 2013 година е одговорено на околу 950 барања за статистички податоци, од кои најголемиот дел, 83 % се одговорени по електронска пошта, а дадени се и околу 650 телефонски информации за статистички податоци.

Библиотеката на ДЗС ја посетија 45 корисници кои ги користеа публикациите на институцијата и останатиот библиотечен фонд. Обработката на библиотечниот материјал продолжи и во 2013 година кога во COBISS алатката се обработени 80 наслови

### *1.3.5. Поголема застапеност на статистичките податоци во медиумите*

Медиумите се многу важен дел од корисниците на официјалните статистички податоци, бидејќи преку медиумите статистичките податоци се достапни до широката јавност. Едицијата „Соопштенија“ е најчесто користен медиум од страна на новинарите.

Државниот завод за статистика ги следи печатените медиуми и веб-порталите и според расположливите податоци, во 2013 година се објавени 649 написи во печатените медиуми од кои најголем дел се однесуваат на интерпретација на статистички податоци од областа на индустријата, населението и приходите, потрошувачката и цените.

Во текот на 2013 година ДЗС ги интензивираше своите активности на полето на односите со јавноста.

Соработката со медиумите - еден од главните канали за дисеминација на статистичките податоци - беше продлабочена преку интензивна комуникација на лицето одговорно за односи со јавноста со сите медиуми кои значително го зголемија интересот за статистичките продукти.

Покрај редовното и навремено доставување на одговори на новинарските прашања преку е-пошта, беа реализирани и голем број на интервјуа на стручни лица на ДЗС за домашни печатени и електронски медиуми, но и за странски медиуми кои се интересираа за одредени појави што ги следи статистиката во Македонија.

Како дел од годишниот план за односи со јавноста, во 2013 година продолжи интензивната соработка на ДЗС со Стопанската комора на РМ преку редовна месечна присутност на вработените на ДЗС со свои трудови во месечното гласило на Стопанската комора на РМ - Информатор.

## 2. КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ

### 2.1 Класификации

Во јануари 2013 година, Државниот завод за статистика го започна процесот на имплементација на Меѓународната стандардна класификација на образованието, (МСКОБ - ISCED 2011). Со имплементацијата, всушност, се изврши сведување на националниот образовен систем во условите на ISCED 2011. Меѓународната стандардна класификација на образованието - МСКОБ (ISCED 2011) стана национален стандард, донесен со Одлука на Владата на Република Македонија, (декември 2013 година).

### 2.2. Статистички регистри

Државниот завод за статистика континуирано работи на подобрување на квалитетот и содржината на статистичките регистри кои ги води.

#### *2.2.1. Статистички регистар на просторни единици*

Во 2013 година, заради измените во територијалната организација на локалната самоуправа, Државниот завод за статистика ја започна постапката за изменување и дополнување на Номенклатурата на територијалните единици за статистика - НТЕС. Измените и дополнувањата на Номенклатурата НТЕС беа донесени во почетокот на 2014 година.

Во текот на 2013 година се реализираа активности во рамки на проектот ИПА 2009 Твининг-проектот во делот на развивање на апликација за продукција на тематски карти.

*2.2.2. Статистички деловен регистар*

За ажурирање на податоците за локалните единици во Статистичкиот деловен регистер, ДЗС за првпат спроведе статистичко истражување за локални единици во октомври 2013 година.

Базата на групите на претпријатија се ажурираше со податоци од 2012 година

*2.2.3. Статистички регистар на земјоделски стопанства*

Статистичкиот регистар на земјоделски стопанства редовно се ажурира со податоци од статистички истражувања кои се спроведуваат во ДЗС и од расположливи административни извори.

Структурното истражување за земјоделските стопанства кое се спроведе во 2013 година има за цел да се добијат релевантни податоци со кои ќе се ажурира регистарот на земјоделски стопанства, кој претставува рамка за избор на примерок за статистичките истражувања од областа на земјоделството.

## 3. СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ

### 3.1. Социјални статистики

*Социјалните статистики во 2013 година беа одбележани со првото доставување до Евростат на податоците од новото истражување од областа на пазарот на трудот - истражувањето за слободни работни места. Покрај објавените Лајкен индикатори од истражувањето за приходи и услови за живеење, во 2013 година се објави поширокиот сет податоци за приходите, сиромаштијата, социјалната исклученост и условите за живеење. Извршено е сведување на националниот образовен систем во условите на Меѓународната стандардна класификација на образованието - МСКОБ (ISCED 2011).*

Напредокот на ова поле беше постигнат во следниве области:

Во текот на 2013 година, во Секторот за социјални статистики се реализираа сите планирани статистички истражувања од областа на пазарот на трудот, животниот стандард, социјалните услуги и демографијата.

Во март 2013 година е извршена прва трансмисија до Евростат на податоците од Анкетата за слободни работни места, а до Евростат е испратен и извештајот за квалитет од Анкетата за структура на заработувачката.

Подготвени се публикациите за Структурата на заработувачката и за индикаторите врз основа на Истражувањето за приходи и услови за живеење.

За реализираната Анкета за премин од училиште кон работа подготвен е аналитички извештај врз основа на добиените резултати во соработка со Меѓународната организација на трудот.

Спроведено е истражувањето за иновации кое се реализира во согласност со Регулативата (ЕК) бр. 995/2012. Истражувањето обезбедува податоци за иновациите кои ги воведуваат деловните субјекти како во процесот на производството на самите производи, така и во процесот на организацијата на работењето и маркетингот.

Реализирано е статистичкото истражување за цената на трудот со кое се обезбедија податоци за платите и останатите трошоци, земени како трошок на работодавецот за вработените, а не како примања на вработените.

Во рамките на активноста за воспоставување на ЕССПРОС статистиките (Европски систем на интегрирани статистики за социјална заштита), во декември 2013 година се одржа мисија во чии рамки, меѓу другото, се добија и препораки за подготовка на текст за меморандум за соработка со институциите кои се извор на податоци за овие статистики.

Во областа на статистиките за плати, ДЗС воспостави соработка со УЈП со цел да се создадат услови за користење на административните податоци со што значително би се намалило оптоварувањето на извештајните единици. Во тек е утврдувањето на методолошките разлики и се вршат консултации за нивно надминување со цел статистиките за плати и при користење на административни извори да се засноваат на меѓународните статистички стандарди.

Во текот на 2013 година се реализираа активности во рамките на проектите ИПА 2009 - Твининг-проектот „Поддршка на Државниот завод за статистика во градењето на капацитетите и подобрување на усогласеноста на статистиките со ЕУ стандардите“, како и во рамките на проектот ИПА 2011 Повеќекорисничкиот проект.

Во рамките на овие проекти се опфатени статистиките од областа на културата, правосудството, здравствените статистики, статистиките за приходите и условите за живеење и Анкетата за работната сила.

### *Методолошки подобрувања во статистичките истражувања*

Подготвена е методологија за спроведување на Анкетата за цена на трудот. Методологијата е усогласена со ЕУ регулативите од оваа област (Регулативи (ЕЗ) бр. 530/1999, бр. 1726/1999 и 1737/2005).

Во рамките на ИПА проектите дадени се препораки за методолошки подобрувања во истражувањата опфатени со проектите.

### *Новитети*

За првпат до Евростат се доставени податоците од новото истражување од областа на пазарот на трудот - истражувањето за слободни работни места.

Покрај објавените Лајкен индикатори од истражувањето за приходи и услови за живеење, во 2013 година се објави поширокиот сет на податоци за приходите, сиромаштијата, социјалната исклученост и условите за живеење.

Извршено е сведување на националниот образовен систем во условите на Меѓународната стандардна класификација на образованието - МСКОБ (ISCED 2011).

За првпат во Република Македонија се објавија аналитички податоци за младите во процесот на транзицијата од училиште кон работа, поготвени во соработка со Меѓународната организација на трудот (МОТ). Република Македонија е прва земја од регионот која го реализира истражувањето во соработка со МОТ и ги објави резултатите.

## 3.2. Национални сметки

*Во областа на националните сметки, во 2013 година продолжија напорите за подготовка на серија на податоците за секторските нефинансиски сметки и подобрување на пресметките на основните агрегати на националните сметки, како и на подготовките за имплементирање на промените од ЕСС 2010 .*

Предвидените активности за 2013 година за истражувањето "Паритет на куповната моќ“ се реализирани во согласност со планираната динамика.

Во рамките на Повеќекорисничката програма ИПА 2009 направен е голем прогрес во подготвувањето и интеграцијата на податоците за секторските сметки, вклучувајќи го и процесот на билансирање, и тоа за серијата 2008-2012:

- Регуларно се одвиваа активностите во однос на секторизацијата на единиците;
- Продолжена е соработката со Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија во однос на секторизацијата на деловните субјекти и во однос на подготвувањето на табелите за прекумерниот дефицит (EDP tables);
- Во процесот на подготвување на ревидираните податоци, имплементирани се препораките и новите методи за пресметка на агрегатите во националните сметки;
- Направени се првите пресметки за истражувањето и развојот во согласност со ЕСС 2010 и на пресметките на воената опрема како основно средство.

Во рамките на Повеќегодишната програма ИПА 2011 направени се нови пресметки за делот на исцрпност во националните сметки и за примена на нови методи за кварталните пресметки.

### *Методолошки подобрувања во статистичките истражувања*

Интензивирани се активностите за подобрување на податоците за структурните статистики, Анекс 1-4 од Регулативата 250/2009 .

Во рамките на Националната програма ИПА 2009 продолжија активностите за подобрување на пресметките и индикаторите за БДП на годишно и на тримесечно ниво.

Оваа Програма ги покрива активностите поврзани со составувањето на сек-торските сметки, пресметката на основните средства и залихите, пресметките за прекумерниот долг- ЕДП, табелите за понуда и за употреба и тримесечните пресметки со сезонско прилагодување.

*Новитети*

Применете нов метод за пресметка на амортизацијата на основните средства со користење на методот на постојано инвентарисување

Направена е нова пресметка на импутираните станарини со користење на елементи за амортизација базирани на методот на постојано инвентарисување.

Пресметани се нови елементи за исцрпност во однос на плаќањата во натура, подароци и за илегалното производство.

**3.3. Деловни статистики, земјоделски статистики и статистики на животната средина**

*Континуирано се работи на подобрување на статистиките од областа на деловните статистики, земјоделски статистики и статистики на животната средина и хармонизирање на статистиките со европските регулативи.*

*3.3.1. Деловни статистики*

Во областа на краткорочните статистики се изврши промена на базната година во согласност со Регулативата на ЕУ бр.1165/98.

Во областа на надворешно-трговската размена интензивно се работеше на добивање на поголем број статистички податоци според економските карактеристики на фирмите.

Во мај 2013 се публикуваа податоците за цени на производители на индустриски производи на домашен пазар со базна година 2013, а во јуни се публикувани податоците за трошоци во градежништвото.

*3.3.2. Земјоделски статистики*

Во областа на земјоделството, шумарството, ловот и риболовот, во текот на 2013 година се реализираа сите планирани статистички истражувања.
Во периодот 1-20 јуни 2013 год., ДЗС го спроведе второто истражување за Структурата на земјоделските стопанства. До крајот на 2013 година податоците беа обработени и подготвени за публикување на првичните статистички податоци за структурата на земјоделските стопанства.

Унапредувањето на економските сметки во земјоделството е континуиран процес и во овој период се изврши ревизија на податоците за работната сила и се изврши ажурирање на описот на пресметките.
Со цел подобрување на квалитетот на статистичките податоци, во областа на земјоделството се подготвија два извештаја за квалитет и тоа за растително и добиточно производство.

*3.3.3. Статистики на животната средина, енергетиката и транспортот*

- Континуирано се врши усогласување на статистиките од областа на транспортот, енергијата и трговијата со регулативите на ЕУ.
- Во областа на енергетските статистики редовно се следат и се доставуваат податоци до Евростат за пресметка на индикаторите Европа 2020.

***Методолошки подобрувања во статистичките истражувања***

- Извршено е дизајнирање и подготовка на нови прашалници за сите истражувања кои се однесуваат на информатичко-комуникациската технологија, во согласност со методологијата и препораките на Евростат за 2013 година.

***Новитети***

На полето на енергетските статистики, за првпат ДЗС започна со публикување на податоци за јаглен, нафта и нафтени призводи, цени на електричната енергија и природниот гас за домаќинствата и индустријата и со тоа се постигна целосна усогласеност со Анекс C од Регулативата 1099/2008 и Директивата 2008/92/EC.

Со цел воведување на нови индикатори во деловните, земјоделските и статистиките на животна средина, се реализираа следниве пилот-проекти:

- Пилот-истражување за патничка мобилност
- Пилот-истражување за трошоци во животната средина
- Пилот-истражување за увозно-извозни цени
- Пилот-истражување за органско производство

### 3.4. Сектор за регионални одделенија

Според организациската структура, Државниот завод за статистика е организиран во централна институција во Скопје и осум регионални одделенија на територијата на целата држава (Скопје, Тетово, Куманово, Велес, Штип, Битола, Охрид и Струмица).

Според Годишната програма за статистички истражувања, во 2013 година требаше да бидат спроведени 194 статистички истражувања за кои податоците беа прибрани од терен со различна динамика (месечни, тримесечни, годишни и повеќегодишни истражувања). Од нив, за 99 истражувања (51%) прибирањето на податоците се изврши во Државниот завод за статистика, а за 95 истражувања (49 %) прибирањето на податоците се изврши во регионалните одделенија и во Државниот завод за статистика.

Административните извори се користеа за прибирање на податоци во 35 истражувања. Оттука, може да се заклучи дека во Државниот завод за статистика сè уште примарен извор на прибирање на податоци се извештајните единици од кои се прибираат податоци преку статистичките истражувања кои се спроведуваат на терен.

Во регионалните одделенија за статистика, за најголем број истражувања се врши само прибирање на податоците, шифрирање и прва контрола на обрасците (112 истражувања), а внес и техничка обработка на податоците во регионалните одделенија се врши за 6 статистички истражувања од областа на демографијата (со исклучок на Регионалното одделение за статистика во Скопје). Прибирањето, шифрирањето, првата контрола и внесот на податоците во регионалните одделенија се врши за 7 статистички истражувања.

## 4. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СТРАНСКА ПОМОШ

### 4.1. Европска интеграција

Евростат го следи прогресот на Република Македонија во областа на статистиката и дава поддршка во активностите за усогласување на националните статистички податоци со ЕУ и меѓународните стандарди.

Вработените од ДЗС активно учествуваа во следењето и ажурирањето на НПАА во поглед на вклучените цели и активности што беа предвидени да се реализираат во 2013 година. ДЗС, како носител и координатор на Работната група број 18 – Статистика, континуирано го организира и координира работењето на Работната група со цел редовно, квалитетно и навремено следење и информирање за напредокот во усвојувањето на законодавството, со неделна, месечна, тримесечна и годишна периодика.

Во декември 2013 год., до Секретаријатот за европски прашања беше доставена финалната верзија на Националната програма за преземање на законодавството на ЕУ (НПАА) за 2014 година.

Деветтиот состанок на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика се одржа во април во Брисел, при што Европската комисија го поздрави прогресот кој го има направено ДЗС од претходниот состанок (2012).

Исто така, на 14 и 15 ноември, во Државниот завод за статистика се одржа годишна мисија на Евростат на која беа претставени идните планови и потреби од поддршка на Државниот завод за статистика.

Интензивната и добро воспоставена соработка меѓу Евростат и ДЗС се унапредува со секој преземен следен чекор. Покрај учествата на состаноците на работните групи на Евростат, од голема корист за ДЗС во примената на европското законодавство во статистиката се и консултациите, оценките и препораките од Евростат.

### 4.2. Меѓународни проекти во кои е вклучен ДЗС

*4.2.1.Тековни проекти на Европската комисија:*

*- Национални проекти*

**Национална програма IPA 2009 - Проект за поддршка на ДЗС** - Оваа програма е составена од: твининг-договор, договор за набавка и договор за услуга.

Имплементацијата на твининг-проектот „Поддршка на Државниот завод за статистика за градење на капацитетите и унапредување на усогласеноста на статистиката со стандардите на ЕУ“, започна на 18.08.2012 и ќе заврши на 17.08.2014. Овој проект покрива неколку компоненти и тоа: Национални

сметки, Секторски статистики, Градење на капацитети и Електронско собирање на податоци.

Имплементацијата на договорот за услуга "Поддршка на Државниот завод за статистика за поддршка на софтверско решение за online пополнување на статистичките прашалници“, започна на 15.01.2013 и заврши на почетокот на 2014.

*- Повеќекориснички проекти*

**Повеќекорисничка програма за статистичка соработка ИПА 2011**

- Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2011 официјално започна на 01. 09. 2012 година со траење до крајот на август 2014 година. Целта на Програмата е да овозможи понатамошно напредно интегрирање на националната статистика во Европскиот статистички систем преку зајакнување на капацитетите на Заводот и неговата улога на координатор на националниот статистички систем. Понатаму, Програмата има за цел да го поддржи одржливото градење на капацитетот на Заводот за да можат подобро да се исполнат барањата на корисниците преку обезбедување на точни, доверливи, навремени податоци кои се во целосна согласност со законодавството на ЕУ во делот за статистика. Исто така, Програмата ќе овозможи подобрување на квалитетот на статистичките информации и ќе ја зајакне довербата во методите и професионализмот,, на тој начин обезбедувајќи им на носителите на политики и на меѓународната заедница релевантни статистички податоци.

Во рамките на Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2011, Државниот завод за статистика е вклучен во следниве пилот-проекти:

- Методологија за национални сметки
- Квартални национални сметки
- Регионална бруто-додадена вредност
- Годишни секторски сметки
- Годишни сметки на владата
- Агромонетарни статистики
- Годишни статистики за растително производство
- Статистики за добиточно производство
- Анкета за работната сила
- Статистики за приходи и услови на живеење
- Анкета за потрошувачката на домаќинствата
- Деловен регистар
- Надворешна трговија
- Структурни деловни статистики
- Статистики на цени - ППП
- Анкета за структурата на земјоделските стопанства

**Повеќекорисничка програма за статистичка соработка ИПА 2012**

**-** Потпишан е договор за грант за Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2012. Реализацијата на договорот ќе започне на 01.01.2014 година и ќе трае до 30.11.2015 година Главните цели на овој Проект се:

Да се продолжи со процесот на прогресивно интегрирање на Државниот завод за статистика во Европскиот статистички систем со зајакнување на Државниот завод за статистика и неговата координативна улога во статистичкиот систем на земјата;

Да продолжи поддршката на одржливиот развој на институционалниот капацитет на Заводот за да се овозможи подобро да одговори на потребите на своите потрошувачи, обезбедувајќи податоци кои се точни, веродостојни, навремени и изработени во целосна согласност се европското законодавство.

Да се интензивираат напорите да се подобри квалитетот на статистичката информација и да се зајакне довербата во методите и професионализмот, што ќе обезбеди несомнителни статистички податоци за креаторите на политиката и меѓународната заедница.

Во рамките на Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2012, Државниот завод за статистика е вклучен во следниве пилот-проекти:

- Методологија за национални сметки
- Агромонетарни статистики
- Годишни статистики на растителното производство
- Статистики на добиточното производство
- Структура на заработувачката
- Статистики на образованието – имплементација на ISCED 2011
- Статистики за истражување и развој
- Статистики на животната средина

- Краткорочни деловни статистики
- Статистики на надворешната трговија
- Паритет на куповната моќ
- Хармонизиран индекс на трошоците за живот
- Ад хок проект 1 - Анкета за користење на времето
- Ад хок проект 2 - Структурни деловни статистики за услуги
- Ад хок проект 3 - Подобрување на постоечкиот ИТ систем за креирање на прашалници, базирано на метаподатоци и електронско прибирање на податоци.

### 4.3. Комуникациска стратегија на Државниот завод за статистика

Во рамките на стратешките определби на институцијата, Државниот завод за статистика, во март 2013 година ја донесе Комуникациската стратегија на ДЗС, 2013-2014, заедно со Акцискиот план за наведениот период.

Во Комуникациската стратегија се прецизирани насоките на ДЗС во правец на интензивирање на комуникацијата со корисниците на статистички податоци (надворешни комуникации), но опфатени се и внатрешните комуникации како неопходен елемент за градење на корпоративниот имиџ на институцијата. Стратегијата е придружена со Акциски план во кој се прецизирани планираните активности и во однос на надворешните комуникации, и во однос на оние внатре во институцијата.

Реализацијата на Акцискиот план редовно се следи од страна на Стручниот колегиум на ДЗС, а за сите активности вработените се известени преку интранет-страницата на ДЗС, а надворешните корисници преку веб-страницата на ДЗС.

Со задоволство може да се истакне дека најголем дел од планираните активности за 2013 година се успешно реализирани.

На пример, со потпишувањето на Меморандумот за соработка со Стопанската комора на РМ се интензивира соработката со ова институција, а преку неа и со деловните субјекти кои се членки на ова асоцијација. Организираните посети на студенти од високообразовните институции во државата и на средношколци од средните економски училишта станаа редовна пракса.

Присуството на статистичките податоци во медиумите забележително е зголемено што се должи, пред сè, на навременоста во објавувањето на податоците и нивната достапност за сите медиуми истовремено, но и на отвореноста и подготвеноста на ДЗС секогаш да одговори на прашањата и барањата на новинарите.

Во однос на внатрешните комуникации, треба да се одбележи редовното одржување на состаноци на сите нивоа во Заводот со што се подобрува информираноста на сите вработени со истовремена можност за откривање на евентуалните проблеми и нивно навремено надминување. Заводот воведе пракса на неформално дружење на вработените вон работното време, со организација на екскурзии кои побудија голем интерес кај вработените. Во текот на 2013 година беа организирани 5 вакви екскурзии од кои едната беше по повод одбележувањето на 1 Јуни - Денот на македонската статистика.

### 4.4. Комуникација и соработка со други институции

**С**о цел за поинтензивно користење на податоци од административни извори и зајакнување на довербата на корисниците, Државниот завод за статистика потпиша меморандуми за соработка со Стопанската комора на Република Македонија, со Управата за јавни приходи (УЈП), Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ), Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија (ФПИОМ) и Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ). Потпишан е и Анекс на Меморандумот за соработка со Управата за јавни приходи, кој се однесува на податоците за плати. Се потпиша Анексот 2 кон Меморандумот за разбирање и соработка во областа на макроекономските и финансиските статистики, како и Договорот за размена на податоци за потребите на статистиката на финансиски сметки, со кој се изврши прецизирање на обврските на Народната банка, Државниот завод за статистика и Министерството за финансии, преку утврдување на обемот, периодичноста и динамиката на размената на потребните податоци.

Во рамките на одбележувањето на Меѓународната година на статистиката, Државниот завод за статистика, со поддршка на Фондот за деца на Обединетите нации - УНИЦЕФ започна со

реализација на серија средби на регионално ниво со претставниците на локалната самоуправа и општинските институции во регионите, со цел да ја промовира корисноста на статистичкиот податок и да го иницира неговото користење во плановите за идниот раст и развој на регионите и општините, кои треба да претставуваат основа за развојните планови на земјата во целина. На овој начин ДЗС има за цел да го промовира одлучувањето засновано на докази, односно на реални показатели.

Во текот на 2013 година Државниот завод за статистика реализираше соработка со Светската банка во областа на истражувањата за животен стандард - обуки за анализа на податоците од Анкетата за потрошувачката на домаќинствата и Анкетата за работната сила.

**4.5. Проблеми со кои се соочуваше ДЗС**

Некои од проблемите со кои се соочуваше ДЗС во 2012 година останаа актуелни и во 2013. ДЗС има потешкотии со добивањето на извештаите од страна на извештајните единици. Како резултат на тоа, има појава на зголемени трошоци за телефонски и писмени ургенции. Непостоењето на соодветни служби за пополнување на статистичките обрасци и сè поголемиот број книговодствени бироа кои се во нерешени меѓусебни односи со компаниите, дополнително го зголемуваат отпорот за пополнување на обрасците.

По прашањето на ослободување од административни функции, методолошко-техничкото ажурирање на Избирачкиот список требаше да биде преземено од страна на Државната изборна комисија. Трансферот сè уште не е извршен, но ДЗС очекува во блиска иднина да биде ослободен од оваа административна функција. Намалувањето на буџетот наменет за финансирање на тековните активности на ДЗС ја отежна реализацијата на Годишната програма за работа на ДЗС, односно спроведувањето на планираните истражувања и подмирувањето на обврските кон анкетарите. Недостигот на финансиски средства придонесе и за зголемување на долговите на ДЗС кон деловните субјекти кои му пружаат услуги, а пред сè, подмирувањето на обврските за користена електрична енергија, парно греење и останатите обврски за користени поштенски услуги,телефонски услуги, интернет, итн. Голем проблем со кој се соочува ДЗС со години по ред е ненавременото обезбедување на средства за плаќање на лиценцните права за користење на специјализираните софтвери за статистички потреби: SAS, Blaise, PC-Axis, како и неможноста да се набави понова верзија на MS Office софтверот. Во моментов во ДЗС се користи MS Office 2000 што значително ја намалува ефикасноста на работењето, а во некои случаи и не постои можност да се реализираат дел од планираните задачи.

Поради одобрените финансиски средства што се пониски од потребните, постојат неминовни ризици за понатамошното работење на ДЗС. Дел од истражувањата што се планирани во стратегиските документи на ДЗС нема да се спроведат (особено во Програмата за статистички истражувања 2013-2017 година), односно ДЗС ќе прави приоритизација на истражувањата што ќе ги спроведува, а со тоа Владата, Министерствата и пошироката јавност нема да ги имаат на располагање потребните податоци во претходно планираните рокови. За дел од истражувањата што ги спроведува ДЗС ќе биде потребно да се намали примерокот, односно бројот на извештајните единици од кои се прибираат податоците, со што ќе се намали квалитетот на податоците што се добиваат од овие истражувања. Ако нема оптимални услови за спроведување на планираните истражувања во Петгодишната програма, ДЗС нема да може да го постигнува очекуваниот прогрес во процесот на хармонизација на македонската статистика со европските регулативи, стандарди и препораки.

Поради недостигот на финансиски средства, ДЗС не е во можност да ги намири долговите кон деловните субјекти што му даваат разни услуги неопходни за нормално функционирање, како и долговите за лиценците за користените софтвери, со што се доведува во прашање обезбедувањето на овие услуги во иднина и реализацијата на Програмата за работа на ДЗС.

# Анекс 1:
## Преглед на реализација на Програмата за статистички истражувања (споредба 2013 со 2012 година)

### Сектор за социјални статистики

| Периодика -област | Број на истражувања во 2013 година | Број на истражувања во 2012 година |
|---|---|---|
| Одделение за животен стандард | | |
| месечни | 1 | 1 |
| годишни | 2 | 2 |
| аналитички | 1 | 1 |
| петгодишни | - | - |
| вкупно | 4 | 4 |
| | | |
| Одделение за социјални услуги | | |
| годишни | 47 | 47 |
| двегодишно[1)] | 1 | - |
| тригодишни | 1 | 1 |
| петгодишни | - | - |
| вкупно | 49 | 48 |
| | | |
| Одделение за демографија и Регистар на население | | |
| годишни | 7 | 7 |
| вкупно | 7 | 7 |
| | | |
| Одделение за пазар на трудот | | |
| месечни | 1 | 1 |
| годишни | 1 | 1 |
| тримесечни | 2 | 2 |
| четиригодишни[2)] | 1 | |
| вкупно | 5 | 4 |
| | | |
| Вкупно сектор за социјални статистики | 65 | 63 |

1) Истражување за иновациски активности на деловните субјекти

2) Истражување за цена на трудот

### Сектор за национални сметки

| Периодика - област | Број на истражувања во 2013 година | Број на истражувања во 2012 година |
|---|---|---|
| Сектор за национални сметки | | |
| годишни[1)] | 2 | 3 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| по план за анкети од Евростат | 6 | 5 |
| аналитички | 27 | 27 |
| Вкупно сектор за национални сметки | 36 | 35 |

1) Истражувањето Паритет на куповната моќ е вклучено во анкетите од Евростат

**Сектор за деловни, земјоделски статистики и статистики на животната средина**

| Периодика - област | Број на истражувања во 2013 година | Број на истражувања во 2012 година |
|---|---|---|
| Одделение за статистика на животната средина, енергетика и транспорт | | |
| Енергија | | |
| годишни[1] | 12 | 13 |
| месечни[2] | 12 | 13 |
| полугодишни | 2 | 2 |
| Транспорт | | |
| годишни | 13 | 13 |
| петгодишни | - | - |
| месечни | 4 | 4 |
| тримесечни[3] | 2 | 1 |
| Животна средина (вода, отпад) | | |
| Водостопанство | | |
| годишни | 1 | 1 |
| повеќегодишни | 5 | 5 |
| Отпад | | |
| годишни | 1 | 1 |
| двегодишни | 1 | 1 |
| Вкупно | 53 | 54 |

1) Две истражувања се споени во едно истражување

2) Не се спроведува истражувањето за котларници на месечно ниво, според препораките, треба да се води само на годишно ниво

3) Извештај за патнички транспорт

| Одделение за земјоделски статистики и Регистар на земјоделски стопанства | | |
|---|---|---|
| Земјоделство - општо | | |
| тригодишни[1] | 1 | - |
| годишни | 2 | 2 |
| месечни | 5 | 5 |
| неделни | - | - |
| Растително производство | | |
| годишни | 13 | 13 |
| Добиточно производство | | |
| годишни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| Шумарство | | |
| годишни | 7 | 7 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| Лов и риболов | | |
| годишни | 2 | 2 |
| Земјоделски цени | | |
| месечни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| Економски сметки во земјоделството | | |
| годишни[2] | 3 | 1 |
| Вкупно | 40 | 37 |

1) Тригодишно истражување за Структура на земјоделските стопанства

2) Нови истражувања за Економски сметки во земјоделството по постојани цени и Регионални сметки во земјоделството

| Периодика - област | Број на истражувања во 2013 година | Број на истражувања во 2012 година |
|---|---|---|
| Одделение за индустрија, градежна статистика и деловни тенденции | | |
| Градежништво | | |
| годишни[1] | 5 | 6 |
| полугодишни | 1 | 1 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| месечни | 3 | 3 |
| Индустрија | | |
| месечни | 2 | 2 |
| годишни | 1 | 1 |
| Деловни тенденции | | |
| месечни | 2 | 2 |
| тримесечни | 2 | 2 |
| полугодишни | 1 | 1 |
| годишни | 1 | 1 |
| Вкупно | 19 | 20 |

1) Надлежна институција за водење на статистиките за станови во државна сопственост е АД за стопанисување со станбен и деловен простор

| | | |
|---|---|---|
| Одделение за внатрешна и надворешна трговија, ИКТ, туризам и угостителство | | |
| ИКТ | | |
| годишни[1] | 5 | 6 |
| тримесечни[2] | 2 | |
| месечни[2] | 1 | 3 |
| Надворешна трговија | | |
| месечни | 1 | 1 |
| тримесечни | - | - |
| Внатрешна трговија | | |
| годишни | 1 | 1 |
| тримесечни | - | - |
| месечни | 2 | 2 |
| двегодишни[3] | - | 3 |
| Угостителство и туризам | | |
| годишни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| месечни | 2 | 2 |
| Вкупно | 18 | 21 |

1) Истражувањето за користење на ИКТ во финансискиот сектор е соединето со истражувањето за користење на ИКТ во сите сектори
2) Две месечни истражувања преминаа во тримесечни со користење на административен извор (АЕК), за мобилна телефонија и комуникации
3) Истражувањата се со двегодишна динамика и се спроведуваат во 2014

| Периодика - област | Број на истражувања во 2013 година | Број на истражувања во 2012 година |
|---|---|---|
| Одделение за цени | | |
| месечни[1] | 3 | 1 |
| Вкупно | 3 | 1 |

1) Воведени се две нови месечни статистички истражувања за увозни и извозни цени

| | | |
|---|---|---|
| Одделение за статистички деловен регистар и економски класификации | | |
| повеќегодишно[1] | 1 | - |
| Вкупно | 1 | - |

1) Спроведено е истражување за локални единици заради ажурирање на Регистарот

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно Сектор за деловни, земјоделски и статистики на животната средина | 134 | 133 |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупна реализација на Програмата за статистички истражувања | 235 | 228 |

Програмата за статистички истражувања во 2013 година се реализираше во согласност со планираната динамика